Проектот е финансиран од Европската унија

Habitat for Humanity®
Македонија

# Права на домување кај Ромите за одржлив урбан развој

Овој проект се спроведува во соработка со:

СУМНАЛ

РОМА S.O.S.

Čerenja

ПРОЕКТОТ „ПРАВА НА ДОМУВАЊЕ КАЈ РОМИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ“ ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКИОТ ИНСТРУМЕНТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА И ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗАПОЧНА ДА СЕ СПРОВЕДУВА ВО ДЕКЕМВРИ 2015 Г. ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ Е ДА ГО ЗАЈАКНЕ УЧЕСТВОТО НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ПРОЦЕСИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА ВО ДОМЕНОТ НА ДОМУВАЊЕ.

Ромската заедница претставува една од најобесправените етнички заедници, живеејќи во сегрегирани населби на периферииte на градските подрачја. Во изминатите години, Хабитат Македонија активно се вклучува во напорите да ѝ се помогне на ромската популација во подобрување на условите за живот. Овие активности ја наметнаа потребата од создавање сеопфатна инклузивна рамка за решавање на проблемот на субстандарно живеење со кое се соочуваат Ромите. Во таа насока, Хабитат Македонија со своите партнери РОМА С.О.С од Прилеп, подржани од Черења од Штип и Сумнал од Скопје отпочна со реализација на проектот „Права на домување кај Ромите за одржлив урбан развој“ кој е финансиран од Евроспкиот инструмент за демократија и човекови права.

Проектните цели се насочени кон промоција на основните права на домување како права кои ги имаат сите граѓани и потикнување на граѓански иницијативи за подобрување на квалитетот на домувањето во три ромски населби во Прилеп, Штип и Скопје (општина Чаир).

### Проектните активности вклучуваат:

- создавање локални лидерски групи во трите целни општини;
- градење капацитети во областа на домувањето и развојот на локални лидерски групи преку обуки и менторство;
- организирање на повеќе од 15 работилници и обуки на локално и национало ниво;
- подготовка на основни студии за станбени прашања и урбанизација во трите целни општини;
- подготовка на партиципативна анализа на локалните и националните политики за домување и урбан развој;
- интензивирање на соработката со локалната власт и приватниот сектор за подобрување на процесите на домување и урбанизација на ромските населби.



©2016 HFHM

### Траење на проектот и цели:

Проектот ќе се спроведува 18 месеци и ќе ги засили механизмите за соработка и вмрежување, ќе ја мотивира ромската популација да се вклучи во процесите за донесување одлуки на локално ниво, за урбан локален развој и ќе ја засили социјалната инклузија во доменот на домувањето.

**Хабитат Македонија**

Никола Парапунов 41
Комплекс Макотекс
1 кат, П.ФАХ 407
1000 Скопје
Република Македонија

Тел/факс: +389 2 3061 890
info@habitat.org.mk
www.habitat.org.mk

Социјални мрежи

*Едноставен, пристоен и пристапен дом за секое семејство во Македонија!*